Република Северна Македонија
Министерство за економија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Ekonomisë
Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

Архивски број: 14-2264/2
Скопје, 20-05-2021 2021 година

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани

На ден 05.05.2021 година преку меил до Министерството за економија пристигна Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш број 14-2264/1 во кое се бараат следните информации од јавен карактер:

Со оглед на тоа што во наредниов период во рамки на Светска трговска организација ќе се дискутира за отфрлање на патентите и останатите интелектуални права поврзани со производство на вакцините против корона вирусот, каков е ставот на РСМ по ова прашање? Доколку прашањето е предмет на гласање, дали РСМ ќе поддржи отфрлање на патентите за оваа намена?

По однос на Вашето доставено Барање Министерството за економија како надлежна институција за следење на активностите во рамки на Светската трговска организација (СТО) известува дека предметното прашање не е предмет на гласање.
Имено, во рамки на ТРИПС Советот се разговара за дисциплина и транспарентност на синџирите за производство и снабдување со вакцини, како и мерки за олеснување на трговијата што можат понатаму да се развиваат во контекст на иницијативата за трговија и здравје.
Извесно е дека вакцините во голема мера се произведени и со истите веќе масовно се вакцинира населението во светот, што значи во услови на пандемија за сузбивање на заразата со КОВИД-19, земјите членки на СТО сметаат дека ТРИПС Договорот и принципите на Декларацијата од Доха можат да играат улога во решавањето на оваа криза. Тие одразуваат внимателна рамнотежа помеѓу заштитата на интелектуалната

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

сопственост од една страна, што е клучен поттик за иновации и промовирање на широк пристап до лекови и здравствена заштита, од друга страна.
Дискусијата продолжува на следниот состанок на ТРИПС Советот што се планира да се одржи на 8-9 јуни 2021 година.

ПРИЛОГ: Табела

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Изработил/Përpiloi:Бранкица Ѓорѓиев, Brankica Gjorgjiev
Одобрил/ Aprovoi:Александра Спасевсска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Miratoi: Razmena Cekic-Durovic, Размена Чекиќ-Дуровиќ